Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт, на ден __________ година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 3 со намена Г4-Стоваришта, складови и отпади, Г4.1-Дистрибутивен центар со складови и ТС35КВ, КО Р'жаничино, општина Петровец, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 3 со намена Г4-Стоваришта, складови и отпади, Г4.1-Дистрибутивен центар со складови и ТС35КВ, КО Р'жаничино, општина Петровец, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Површината во границите на планскиот опфат изнесува 14,1196 ха и претставува делумно изградено земјиште, а делумно земјиште со катастраски култури ниви. На овој простор се организира функционална урбанистичка целина со намена за Логистички центар (магацини). Со ваква намена ќе се создадат позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување и од аспект на повисока организација и уреденост на просторот и инфраструктурна опременост.
4. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-203/4
Датум: 27.02.2025
Место: Скопје

Име и презиме
Министер
Александар Николоски